**20150732483**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за земјоделство и рурален развој,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 6 мај 2015 година.

Бр. 08-2032/1
6 мај 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ

Член 1

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ број 25/15), одредбата од членот 2 со која во членот 14 се менуваат ставовите (2) и (3) нема да се применуваат на постапките во врска со финансиската поддршка од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2015 година и Програмата за финансиска поддршка на рурален развој за 2015 година.

Право на користење на финансиска поддршка во случаите од ставот (1) на овој член имаат и корисниците кои до денот на влегувањето во сила на овој закон ги немаат намирено финансиските обврски кон Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта по основ на користење на пасишта во државна сопственост и водостопанствата и водните заедници по основ на неплатен воден надоместок, а кои ќе се согласат со поднесена изјава заверена на нотар дека се согласни ненамирените обврски да се пребијат со одобрената финансиска поддршка согласно со Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2015 година и Програмата за финансиска поддршка на рурален развој за 2015 година.

Начинот на пребивање од ставот (2) на овој член го пропишува Владата со прописот од членот 47 став (6) од овој закон.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.